Бр: 03-171/3
Скопје: 30.09.2022

Врз основа на член 28 став (5) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18) и член 5 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на Република Македонија„ бр. 145/10), Комисијата за заштита на конкуренцијата на седницата одржана на 30.09.2022 година го донесе следното

**МИСЛЕЊЕ**

Министерството за транспорт и врски достави допис – Барање бр. 37-4947/2 од 30.08.2022 година (Наш бр. 03-171/1 од 05.09.2022 година) во кој се бара од Комисијата за заштита на конкуренцијата да даде мислење за:

- Предлог Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2022-2025 година и
- Предлог Уредбата за начинот, поблиските критериуми за доделување на финансиска поддршка на домашни и странски авиопревозници и потребната документација која треба да се достави од корисниците на финансиската поддршка.

Комисијата за заштита на конкуренцијата го разгледа ова Барање и по однос на намерата за продолжување на ваков вид на финансиска поддршка укажува на фактот дека треба **целосно** да се земат предвид Насоките на Европската Комисија за државна помош на аеродромите и во авиосообраќајот (Guidelines on State aid to airports and airlines 2014/C 99/03). Соодветно, пред евентуалното започнување на нова постапка потребно е давателот на државната помош, односно Министерството за транспорт и врски, согласно член 6 став (1) од Законот за контрола на државната помош да поднесе до Комисијата за заштита на конкуренцијата Известување за планирано доделување на помош согласно член 13 од Законот за контрола на државната помош („Службен весник на РМ„ бр. 145/10) и согласно Уредбата за начинот и постапката за поднесување на известување за доделување на државна помош, како и постапката за вршење надзор на постојната државна помош („Службен весник на РМ„бр. 142/11). Заедно со пополнетото Известувањето Министерството за транспорт и врски до Комисијата за заштита на конкуренцијата треба да ги достави и финалните верзии од горенаведените Предлог-Програма и Предлог- Уредба.

Според законодавството за државна помош, Комисијата за заштита на конкуренцијата укажува на фактот дека таа како институција е надлежна за оцена и надзор на секој облик

на државна помош - член 10 од Законот за контрола на државната помош. Следствено на тоа на прашањето од точка 4 од Меморандумот доставен до Владата на Република Северна Македонија: дали материјалот содржи елементи на државна помош, е избран одговорот НЕ од страна на Министерството за транспорт и врски, што е во спротивност со законодавството за државна помош бидејќи Комисијата за заштита на конкуренцијата има надлежност да оценува дали така конципирани мерки претставуваат државна помош и се во согласност со законодавството за државна помош и како такви дозволени за имплементирање од страна на давателите на државна помош.

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Проф. Д-р Владимир Наумовски**